**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

## за III одделение

**Скопје, 2022 година**

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | Ликовно образование |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | III (трето) |
| **Теми/подрачја вонаставната програма** | • **Цртање**<br>• **Сликање**<br>• **Пластично обликување и градење**<br>• **Печатење, дизајн и визуелни комуникци** |
| **Број на часови** | 1 часа неделно /36 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • аудио-визуелни средства (ТВ, ДВД -плеер, ЛЦД проектор, касетофон, дигитален фотоапарат, дигитална камера, компјутер, смарт табла, таблет за цртање, печатач или други дигитални уреди).<br>• интернет, образовни софтвери.<br>средства и материјали за цртање (туш, перце, дрвце, хартија, хартија во боја, молив, дрвени бои, мрсни бои, креди, фломастери, природни и вештачки материјали, штафелаи...).<br>• средства и материјали за сликање (водени бои, блок, четки, хамер хартија, темперни бои, пастел, туш во боја, палета, хартија во боја, природни и вештачки материјали).<br>• средства и материјали за пластично обликување и градење (пластелин, брашно, тесто, глина, песок, снег, стиропор, пластика, амбалажа, алуминиумска фолија, плодови, предмети со различни облици и други дидактички материјали). |

| | |
|---|---|
| | • средства и материјали за печатење, дизајн и визуелни комуникции (печат, шаблони, картон, еколошки бои, плодови, картон печат, природни и вештачки материјали, марама, украсна хартија, амбалажна кеса, фотографија, украс, накит, салфетки, илустрации, ножички, лепак и др.)<br>• творечки неликовни материјали (чешел, четки за заби, шминки, лак за нокти, свеќа, сапун, чадор, шапка, камен, газа, ЦД, соковник, зеленчукови и овошни плодови, текстил, чаши, чинии и др.).<br>• нагледни средства (цртежи, слики, фотографии, изработки, макети, списанија, плакати, постери, апликации, илустрации, корица канига, проспекти, играчки-возила, сообраќајни средства, животни и сл., ателје, печатница, музеи, ликовни изложби, споменик, скулптура, биста, фонтана и др.). |
| **Норматив на наставен кадар** | Воспитно-образовната работа во трето одделение може да ја изведува лице кое е:<br>• професор/наставник/учител по одделенска настава, VII/1 или VI/1 (според МРК) и 240 ЕКТС;<br>• дипломиран педагог, VII/1 или VI/1 (според МРК) и 240 ЕКТС. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето **Уметничко изразување и култура** од Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| VIII-A.1 | да манифестира познавање на различните форми на уметничко изразување од сите области на културата (литературата, музиката, визуелните уметности, изведбените уметности, декоративните уметности, архитектурата, дизајнот), |
| VIII-A.2 | да ги идентификува различните манифестации на популарната култура и нивното влијание врз развојот на естетските вредности, |
| VIII-A.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни), |
| VIII-A.5 | да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти, |

| | |
|---|---|
| VIII-А.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност, |
| | *Ученикот/ученичката прифача дека:* |
| VIII-Б.2 | критичкиот однос кон различните продукти на уметноста е битен за развивање на индивидуалните и општествените естетски вредности. |
| VIII-Б.3 | почитувањето и промовирањето на сопствената култура придонесува за јакнење на културниот идентитет и дигнитет, |
| VIII-Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесува за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните подрачја на Националните стандарди:
**Дигитална писменост, Личен и социјален развој,. Општество и демократска култура** и **Техника, технологија и претприемништво**

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
| IV-А.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користењена ИКТ |
| IV-А.5 | да определи какви информации му/и се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини |
| IV-А.8 | на безбеден и одговорен начин да ги користи дигиталните содржини, образовните и социјални мрежи, и дигитални облаци |
| V-А.1 | да разликува здрав од ризичен животен стил кога се работи за сите сфери на живеење (вклучително навики во исхраната, спортски и рекреативни активности) |
| V-А.2 | да избира и практикува активности кои обезбедуваат развој и подобрување на сопственото ментално и физичко здравје |
| V-А.3 | да ги идентификува различните компоненти на сопствениот идентитет кој се гради врз основа на припадноста на различни социјални (на пр., родов, етнички и национален идентитет) и на различните улоги кои ги има во животот (на пр, ученик, син/ќерка), |
| V-А.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите што ќе му/ѝ овозможат развој и напредување, |
| V-А.5 | да ги препознава емоциите кај себе си и кај другите, |
| V-А.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците што се јавуваат на патот кон нивно остварување |
| V-А.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина |
| V-А.12 | успешно да се справува со социјални притисоци, |
| V-А.13 | да комуницира со другите |
| V-А.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените загрижи и потреби на конструктивен начин |

| | |
|---|---|
| V-А.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите |
| V-А.16 | да ги препознава проблемите во релациите со другите и да приоѓа конструктивно во разрешување на конфликтите, почитувајќи ги правата, потребите и интересите на сите вклучени страни, |
| V-А.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите |
| V-А.18 | да ги анализира и вреднува информациите и предлозите и да ги проверува претпоставките, |
| V-А.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и донесува рационални одлуки, |
| VI-А.5 | да ги разбира разликите помеѓу луѓето по било која основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, итн.), |
| VI-А.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и другите и да се спротивставува на дискриминација. |
| VI-А.7 | да препознава манифестација на вербално и физичко насилство во сопственото опкружување, да ги согледува последиците од насилството и да се спротиставува на него, |
| VI-А.8 | да согледа што ги поврзува, а што ги разединува луѓето во заедницата, да изнаоѓа начини да придонесе за напредокот на заедницата, имајки ги предвид потребите и интересите на сите, |
| VI-А.10 | да се заштити себе си и другите во кризни ситуации и при елементарни непогоди, |
| VI-А.11 | да ги применува правилата и прописите за безбедно учество во сообраќајот, |
| VI-А.13 | да го анализира концептот на човекови права и правата на децата, да идентификува случаи на повреда на правата и да презема активности за нивно неселективно почитување, |
| VI-А.17 | да го анализира влијанието на пишаните, електронските и социјалните медиуми врз јавното мислење и да избира веродостојни извори на информации, |
| VI-А.19 | да ги применува принципите на демократско учество во рамките на училиштето, |
| VI-А.20 | да ја објаснува улогата на меѓународните организации, |
| VI-А.22 | да ги идентификува и почитува сите национални симболи на државата Република Северна Македонија и да манифестира чувство на припадност кон државата. |
| VI-А.24 | да ги идентификува географските карактеристики на нашата држава, |
| VII-А.4 | да генерира идеи и осмислува активности што водат до продукти и/или услуги, |
| VII-А.9 | активно да учествува во тимска работа според претходно усвоени правила и со доследно почитување на улогата и придонесот на сите членови на тимот, |
| | *Ученикот/ученичкатаразбира и прифаќадека:* |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење – го олеснув аучењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативност и иновативност, нуди разни можности за забава, |

| | |
|---|---|
| IV-Б.3 | потенцијалите на ИКТ ќе се зголемуваат и треба да се следат и користат, но и дека треба да се има критичен однос кон веродостојноста, доверливоста и влијанието на податоците и информациите што се достапни преку дигиталните уреди, |
| IV-Б.5 | информациите достапни во дигиталниот простор треба да се користат етички, според дефинирани правила и за добро на луѓето, |
| V-Б.1 | грижата за сопственото тело и редовното практикување физички активности е важен услов за обезбедување физичко и ментално здравје, |
| V-Б.2 | осознавањето на сопствениот идентитет придонесува за јакнење на самодовербата и за развојот на личноста, |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот што самиот/самата го вложува и од резултатите што самиот/самата ги постигнува, |
| V-Б.4 | секоја постапка што ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина, |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остарување на целите и надминување на предизвиците во секојдневите ситуации, |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби, |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика води кон личен напредок на индивидуален и социјален план, |
| V-Б.10 | учењето е континуиран процес кој не завршува во училиште и не се ограничува на формалното образование. |
| VI-Б.1 | не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, |
| VI-Б-2 | сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси, |
| VI-Б.13 | националниот идентитет, кој произлегува од припадноста на државата Република Северна Македонија, е битна компонента на идентитетот на сите граѓани на државата. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Тема: ***ЦРТАЊЕ***

Вкупно часови: **10**

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. црта со примена на различни подлоги, средстав и цртачки материјали.
2. користи нови ликовни елементи во цртањето: простор, текстура, ритам и контурна линија.
3. користи сенчање и туш при цртање.
4. применува компјутер за цртање на предмети, ликови и појави од своето опкружување.

Ученикот/ученичката:

5. ќе ја развива креативноста и ќе се стекнува со мануелни вештини.
6. ќе негува хигиено-технички и работни навики.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| • Подлоги, средства, техники и материјали за цртање:<br>(туш, перце, дрвце, четка, монохромно, сенчење) | • Разликува цртежи според подлогите, средствата и материјалите кои ги употребува.<br>• Се запознава со нови цртачки материјали и средства: туш, перце, дрвце, тенка четка.<br>• Црта со нови техники - туш и сенчење.<br>• Комбинира цртачки материјали и техники и создава ликовна целина. |
| • Ликовни елементи во цртањето:<br>(контурна линија, простор-длабочина, блиску/далеку, внатрешен/надворешен, ликовна целина, детаљ, текстура, ритам) | • Создава претстава за просторот (длабочина, блиску/далеку, внатрешен/наворешен) и го претставува на цртеж.<br>• Користи различни видови линии во ликовна целина.<br>• Воочува ритам во природата и самостојно го применува во цртањето.<br>• Забележува контурна линија на предметите во одреден простор и ја применува на цртеж.<br>• Ја претставува сенката на предметите со воочување на светлината и  сенчење.<br>• Црта различни видови текстури со туш.<br>• Користи компјутер во цртањето. |

**Примери на активности:**

- Учениците цртаат на мотив „Предмети од училница“ на различни подлоги (хартија, картон, фолија, пластика, платно, кожа) со молив, четка, користејќи контурни линии.
- Учениците цртаат  на мотив „Моето другарче“ на лист со туш, перце, дрвце, јаглен, користејќи различни видови линии.
- Учениците цртаат на мотив „Омилена храна“ на лист со техника туш и сенчање, користејќи линија.

- Учениците цртаат на мотив „Училишен двор“ на лист со молив, четка, користејќи внатрешен / надворешен простор.
- Учениците цртаат на мотив „Ограда пред куќа, пред училиште“, со молив, дрвени боици и фломастери, користејќи линија и ритам.
- Учениците цртаат на мотив „Дрворед“, со молив, дрвени боици и фломастери, користејќи линија и повторување.
- Учениците цртаат на мотив „Мојата соба, мојата училница“, со молив, дрвени боици и фломастери , користејќи простор и големина.
- Учениците цртаат на мотив „Дожд“, со молив, туш, перце, дрвце и тенка четка, користејќи линија и текстура.
- Учениците цртаат на мотив „Моето милениче“, со молив, дрвени боици и фломастери, користејќи линија и сенчење.
- Учениците цртаат на мотив „Во парк“, со молив и туш, користејќи линија и примена на сенчење, со напомена да не се покрива линијата од моливот со тушот.
- Учениците цртаат на мотив „Фарма со животни“, со употреба на компјутер, користејќи линија, простор и големина.
- Учениците цртаат на мотив „Илустрација на текст“, со молив, дрвени боици, фломастери и компјутер, користејќи линија.
- Учениците цртаат на мотив „Пченка“ на лист со туш, користејќи ритам на линии.
- Учениците цртаат на компјутер на мотив„ Детска игра“ , користејќи контурна линија и создаваат ликовна целина.

Тема: ***СЛИКАЊЕ***

Вкупно часови: **16**

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. користи различни техники, подлоги, средства и материјали во сликањето.
2. слика со примена на основни и секундарни бои.
3. разликува оригинална ликовна творба од репродукција.
4. создава ликовна композиција со ладни и топли бои.
5. употребува компјутер и други дигитални уреди во сликањето.

Ученикот/ученичката ќе:

6. ја развива креативноста преку сликањето.
7. развива и негува хигиено-техничките и работните навики.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| • Подлоги, средства, техники и материјали за сликање: (темперни бои, водени бои, туш во боја, четки, пастел, палета, хартија во боја, природни и вештачки материјали, колаж/микс медија...) | • Применува разновидни техники и постапки во сликањето (капење, гребење, прскање, колаж/микс медија и сл.).<br>• Комбинира материјали, средства, техники и постапки и создава слика.<br>• Споредува слики и прави разлика меѓу нив во однос на употребените материјали и техники. |
| • Ликовни елементи во сликањето: | • Прави ликовна композиција со употреба на примарни и секундарни бои, ладни и топли бои, контрасни бои и ахроматски бои. |

| | |
|---|---|
| (примарни и секундарни бои, ладни и топли бои, спектар на бои, ликовна композиција, оригинална творба, репродуција, контрасни бои, ахроматски бои, тонска градација, фантазија, ликовна изложба, ателје, декорација) | • Ги користи ликовни елементи во сликањето: контраст, тонска градација, простор, текстура и ритам.<br>• Прави разлика помеѓу оригинална творба и репродукција.<br>• Слика по доживеано или фантазија.<br>• Прави естетска проценка на оригинални дела и декорира различни предмети со сликање.<br>• Користи компјутер при сликањето. |

**Примери на активности:**

- Учениците сликаат на мотив „Изгрејсонце/Зајдисонце“, со молив и темпера/ гваж, користејќи боја, простор, хармонија во боја. При тоа комбинираат различни техники и постапки на сликање.
- Учениците сликаат на мотив со природни облици, со хартија во боја, техника колаж/микс медија, користејќи боја и форма. Сликата се создава со примена на разни техники и постапки во сликањето (капење, гребење, прскање, колаж/микс медија и сл.).
- Учениците на компјутер разгледуваат слики од познати автори: Рембрант, Да Винчи, Микеланџело, Ван Гог, Пикасо и др.- ги споредуваат и прават разлики според материјалите и техниките.
- Учениците сликаат на мотив „Шарена соба“, со молив, темпера и техника/гваш, користејќи боја, единство во бојата и големина. При тоа прават ликовна композиција со употреба на примарни и секундарни бои и контраст со боја.
- Учениците сликаат на мотив „Шума“, со молив, темпера, техника гваш и пастел, користејќи боја, ладни бои и текстура, при што се репорачува пастелот да се користи на крајот за подобро воочување на текстурата. При тоа се внимава ликовна композиција да се креира со употреба на примарни и секундарни бои, ладни и топли бои, контрасни бои.
- Учениците сликаат на мотив „Цвеќе во вазна“, со молив, темпера и техника/гваж, користејќи боја, простор, контраст во боја и тонска градација.
- Учениците сликаат на мотив „Есенски плодови“, со молив, темпера/гваш, користејќи боја, простор, големина, форма, контраст, тонска градација, текстура и ритам, со насока за препознавање на позадина.
- Учениците сликаат на мотив „Зима“, со молив, темпера/гваш, пастел само бела, сива и црна, користејќи тон, простор, големина, форма и текстура. За ликовната композиција се употребуваат ладни и ахроматски бои.
- Учениците сликаат на мотив „Циркус/Забава“, со молив, темпера /гваш, користејќи боја, простор, големина и форма.
- Учениците сликаат на мотив „Пејзаж“ (после дождот со виножито), со молив, темпера и техника гваш, користејќи боја, простор и спектар на бои (основни и секундарни бои).
- Учениците сликаат на мотив „Есенски Пејсаж“, со молив, темпера, техника Гваш и пастел, користејќи топли бои и текстура. Се препорачува пастелот да се користи на крајот за подобро воочување на текстурата.
- Учениците сликаат на мотив „Пеперутка“ (според доживеан настан или фантазија) со молив, темпера и техника гваш, користејќи боја, големина и ритам.
- Учениците сликаат на мотив фантазија со комбинирање на различни материјали, техники и елементи и уклучувајлки го и компјутерот како средтство. Сликата се создава според доживеан настан или фантазија.

- Учениците сликаат на мотив „Мојата мајка/татко/старател“, со молив, темпера/ гваш, користејќи боја, пропорции и големина, со насока за препознавање на позадина.
- Учениците споредуваат слики на однапред подготвена презентација на нставникот и прават разлика помеѓу оригинални дела и копии (дела на македонски и светски познати автори и нивните репродукции).
- Учениците поделени во две групи работат при што: првата група прави естетска проценка на одигинални дела ( рангира слики според сопствена естетска вредност) а другата група, декорира предмети со сликање (учениците декорираат некомплетна слика за да добијат ликовна целина со одредена естетска вредност).

Тема: ***ПЛАСТИЧНО ОБЛИКУВАЊЕ И ГРАДЕЊЕ***

Вкупно часови**: 5**

Резултати од учење:

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. користи различни подлоги, средства и материјали за пластично обликување и градење.
2. применува различни техники и постапки во пластично обликување: длабење, гребење, перфорирање и цртање, постапки на додавање и одземање, каширање.
3. создава композиција со моделирање предмети и тридимензионални форми и прави макети од отпадни материјали.
4. претставува простор со комбинирање и составување и компонира готови форми при создавање сложена композиција.

Ученикот/ученичката ќе:

5. ги усовршува мануелните вештини за обликување и градење.
6. развива способност за естетска проценка на уметничките дела.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| • Подлоги, средства, материјали, техники и постапки за пластично обликување и градење:<br>(глина, глинамол, пластелин, брашно, тесто, природни и вештачки материјали, геометриски форми, плодови, длабење, гребење, перфорирање, каширање) | • Користи и комбинира различни, подлоги, средства и материјали за обликување и градење.<br>• Применува различни техники и постапки при создавањето облици и градби.<br>• Создава облици и градби од материјал што претходно бил употребен за други намени. |
| • Ликовен јазик во пластичното обликување и градење: (тридимензионална форма, простор, текстура, детаљи, движење, ритам, насока, споменик (скулптура, биста, фонтана, фигура), макета, композиција, детаљ, целина, текстура) | • Обликува и гради тридимензионални форми.<br>• Создава облик или градба со користење на ликовните елементи: простор, текстура, детаљ, движење, ритам, насока, композиција.<br>• Опишува различните скулптурни решенија и прави разлика помеѓу нив.<br>• Забележува облици, детаљи, текстури, линии кај уметнички дела и ги опишува користејќи го ликовниот јазик. |

**Примери на активности:**

- Учениците разгледуваат различни подлоги, средства и материјали за обликување и градење, преку илустрации и демонстрација од наставникот.
- Учениците изработуваат „ Робот“, од стари кутии и други готови форми, користејќи форма и големина.
- Учениците обликуваат, градат и кашираат тридимензионални форми (геометриски форми, плодови и предмети со различни облици).
- Учениците обликуваат на мотив „Биста“, со пластелин, користејќи форма, облик и контраст. Обликува и гради тридимензионални форми.
- Учениците обликуваат на мотив „Дрво и или дрворед“, со глина, глинамол и тесто, користејќи форма и вертикална насока. При тоа создаваат облик или градба со користење на: простор, текстура, детаљ, движење, ритам, насока, композиција.
- Учениците обликуваат на мотив „Слон и глушец“, со глина, глинамол и тесто, користејќи форма, облик и контраст.
- Учениците обликуваат на мотив „Човечки фигури“ (семјство), со глина, глинамол и тесто, користејќи форма, хармонија на големина. При тоа прават разлика помеѓу различните скулптурни решенија.
- Учениците преку интернет се запознаваат со дела на познати автори за да ги увидат скулпторските решенија и на нив забележува облици, детаљи, текстури, линии...
- Учениците посетуваат: музеи, споменици, скулптури, бисти, фонтани и други уметнички дела, на нив забележуваат облици, детали, текстури, линии и прават сопствена или заедничка естетска проценка.

Тема: ***ПЕЧАТЕЊЕ, ДИЗАЈН И ВИЗУЕЛНИ КОМУНИКАЦИИ***

Вкупно часови: 5

Резултати од учење:

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. печати самостојно со комбинација на шаблони и отпечатоци.
2. изработува дезен (шара), украс, накит и декорација со примена на различни ликовни елементи, средства, материјали, техники и постапки за дизајнирање.
3. користи компјутер, печатар и фото апарат за дизајнирање и изработка на декорации.
4. разликува илустрација, фотографија, корица за книга, постер и плакат.

Ученикот/ученичката ќе:

5. ги развива креативноста и естетските вредности.
6. ги негува хигиено-техничките и работните навики.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| • Печатење - подлоги, средства, материјали, техники, постапки и елементи:<br>(шаблон, печат, картон пеат, отпечаток, шара, декорација) | • Изработува печати користејќи природни материјали.<br>• Печати со употреба на картон, шаблони, компјутер, фото апарат и печатар<br>• Создава дезен со користење ритмичко повторување во печатењето. |

| | |
|---|---|
| • Дизајн и визуелни комуникации- средства, материјали, техники, постапки и елементи:<br>(дизајн, дезен, украс, накит, декорација, амбалажа, оригами, илустрација, фотографија, корица за книга, постер, плакат, визуелни комуникации, визуелен знак, естретска проценка) | • Изработува украси, честитки, накит, украсни предмети од амбалажи и оригами.<br>• Дизајнира корица за книга, постер и плакат, самостијно или во групи.<br>• Создава дизајн преку постапки на лепење, составување, врзување и сл. при што предметите го изменуваат правобитниот изглед.<br>• Дизајнира визуелни знаци со дадено значење..<br>• Изработува декорација користејќи компјутер и печатар за. |

**Примери на активности:**

- Учениците прават матрица од картон според претходно реализрана творба на мотив „Моето милениче“ и потоа ја печатат на хартија во неколку примероци. При тоа користат хартија, картон, ножици, лепак и темперни бои. Секој ученик дизајнира со менуваење на правобитната функција на предметите преку постапки на лепење, составување, врзување и сл.
- Учениците изработуваат матрици за печатење, со компир, тиква, ноже и темперни бои, хартија и сл., со геометриски форми од народниот фолклор и прават отпечатоци. Секој ученик создава дезен со користење на ритмичко повторување во печатењето.
- Учениците дизајнираат роденденска честитка за своето другарче, со хартија, хартија во боја, молив, фломастери, накит, фотографии, користејќи форма, боја, големина и простор. Секој ученик изработува украси, честутки, накит, украсни предмети од амбалажи и оригами.
- Учениците изработуваат визуелни знаци (на пр. за заштита на животната средина, за правила на однесување во превозно средство) од природни материјали, картон, комјутер, користејќи форма, облик, боја, простор, големина.
- Учениците цртаат контурен цртеж на овошје. Истите форми потоа се сечат од картон и се налепуваат на тврда подлога, со молив, хартија, темперни бои, картон, ножици и лепак. Со помош на четка се обојуваат со темперна боја и потоа се печатат на хартија.
- Со употреба на компјутер, учениците изработуваат декорации за различни прослави, празници и сл. (Нова година , 8-ми март, роденден).

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. При тоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањњето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс на основа на пол.  При избор на дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноправност, односно промовираат интеркултурализам. Исто така, наставникот внимававо  изработките на учениците да не се провлекуваат родови и етнички стереотипи.

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на активностите/поимите од ликовно образование со содржините/стандардите од другите предмети при планирањето и реализацијата на наставата. На тој начин овој наставен предмет ги мотивира учениците во учењето на другите предмети и помага во нивно полесно совладување.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата за да овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување,наставникот редовно ги следи и вреднува постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за ликовно творење, ангажираност на учениците, посветеност во работата, индивидуална, тандемска и групна работа. За учеството во активностите, учениците добиваат повратна информација со која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување). За таа цел, наставникот ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;
- практичната активност за време на час (учество во активностите);
- изработените ликовни творби (цртање, сликање, пластично обликување и градење, печатење, дизајн и визуелни комуникации);
- учеството во изработката на сопствени и заеднички творби.

При следењето на постигањата на учениците, наставникот треба особено да внимава на индивидуалниот пристап за постигањата на секој ученик поединачно.На крајот на годината се изведува сумативна описна оценка на постигнатите стандарди за оценување.

| | |
|---|---|
| Почеток на имплементација на наставната програма | 2023/2024 година |
| Институција/<br>носител на програмата | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по Ликовно образование за III одделение.** | бр. 12-14413/3<br>28.11.2022 година<br><br>Министер,<br>Jeton Shaqiri<br>_______________________________ |